Број: 02 - 579/2
16.02.2010 година
С к о п ј е

ЗАПИСНИК
од LXIX -та седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,

одржана на 21.01.2010 година со почеток во 12.00 часот
во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

Отсутни членови на Управниот одбор:

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

Присутни од ФЗОМ:

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*

- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Златко Алексов, директор на секторот за јавни набавки набавки (делумно присутен);*
- *Јасмина Смилевска, раководител на одделението за склучување на договори со здравствени установи (делумно присутна);*
- *Лидија Маркузанова, раководител на одделението за човечки ресурси (делумно присутна);*
- *Вера Митровска, републички инспектор контролор (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор Беким Сали. Утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување по што го изложи претходно доставениот

П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. *Утврдување на претседател и заменик на претседателот на Управниот одбор;*
2. *Утврдување на пречистен текст на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година;*
4. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
5. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Одлука за утврдување на предлог референтни цени на лекови;*
7. *Барање од Аптеката „Генцијана“ од Битола за корекција на анекс на договор;*
8. *Анекс на договорот со специјалната болница Филип Втори;*
9. *Разно.*

Потоа го изложи и предлогот за дополнување на предлог дневниот ред со точките - План за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, и - Информација за проблемите кои настанаа во работењето на здравствените установи- поликлиники кои по барање на Министерството за здравство беа задолжени да извршат трансформација на установата, доставени од стручните служби на Фондот. Во врска со точката - Информација за проблемите кои настанаа во работењето на здравствените установи- поликлиники кои по барање на Министерството за здравство беа задолжени да извршат трансформација на установата, побара да се разгледа на следната седница бидејќи членовите на Управниот одбор немале доволно време да го разгледаат материјалот. За точката 1 - Утврдување на претседател и заменик на претседателот на Управниот одбор, побара да не биде на дневниот ред. Ова од таму што прашањето за заменатa на претставниците на министерствата за здравство и финансии на местото претседател на Управниот одбор не е прецизно уредено во статутот на Фондот, па министрите за ова прашање ќе вршат усогласување.

Директорката Парнарциева - Змејкова укажа дека точката 6 од предлог дневниот ред - Одлука за утврдување на предлог референтни цени на лекови не е подготвена за разгледување, па би требало да се симне од дневниот ред. Усвојувањето на анекс на договорот со специјалната болница Филип Втори пак е извршено на една од изминатите седници поради што и оваа точка (точка 8) не би требало да биде на дневниот ред. Дневниот ред предложи да се дополни со точка - Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи. Со оваа одлука треба да се утврди нова цена за услугата „Други процедури на кожа, субкутано ткиво и дојка".

Управниот одбор го прифати предлогот за дополнување на дневниот ред со точката - План за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и - Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи. Го прифати и предлогот за симнување од дневниот ред на точките 6 - Одлука за утврдување на предлог референтни цени на лекови и 8 - Анекс на договорот со специјалната болница Филип Втори, како и предлогот Информацијата за проблемите кои настанаа во работењето на здравствените установи- поликлиники кои по барање на Министерството за здравство беа задолжени да извршат трансформација на установата да се разгледува на следната седница.

Во врска со предлогот точката 1 - Утврдување на претседател и заменик на претседателот на Управниот одбор да се симне од дневниот ред, Елена Трпковска наведе дека не се согласува со предлогот од причина што тоа

прашање е уредено со Законот за здравственото осигурување и нема место за поинакво постапување освен по истекот на една година да дојде до замена на претставниците на Министерството за здравство и Министерството за финансии како претседател и заменик на претседателот на Управниот одбор.

И Горан Коевски нагласи дека во врска со ова прашање нема што да се дискутира и дека според законот е јасно дека заменатa треба да се изврши по истекот на една година, а Управниот одбор тоа само треба да го утврди како факт. И минатата година се разговараше на оваа тема, па заради подобра ориентација кога треба да се изврши замената, се донесе заклучок тоа да биде со почетокот на новата календарска година.

По ова, Управниот одбор едногласно го усвои следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. *Утврдување на претседател и заменик на претседателот на Управниот одбор;*
2. *Утврдување на пречистен текст на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година;*
4. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
5. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Барање од Аптеката „Генцијана“ од Битола за корекција на анекс на договор;*
7. *План за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
8. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи;*
9. *Разно.*

Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.

ТОЧКА 1 *- Утврдување на претседател и заменик на претседателот на Управниот одбор*

Имајќи ја во вид дискусијата при усвојувањето на дневниот ред на седницата, Управниот одбор утврди дека почнувајќи од 1 јануари 2010 година, претседател на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија е Елена Трпковска, претставник на Министерството за финансии, а заменик на претседателот е Беким Сали, претставник на Министерството за здравство.

ТОЧКА 2 *- Утврдување на пречистен текст на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

Објаснување по оваа точка даде Лидија Маркузанова. Наведе дека пречистениот текст го опфаќа основниот текст на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија донесен во 2003 година и сите 33 негови измени и дополнувања. Пречистениот текст се изготвува заради полесно користење на правилникот а на потребата од него укажа и Државниот завод за ревизија.

Елена Трпкковска праша дали не требало во правилникот да се вклучат и измени потребни заради овозможување на функционирање на трезорското работење, а Лидија Маркузанова одговори дека овој пат се предлага само утврдување на пречистен текст а не и измени и дополнувања. Меѓутоа, пречистениот текст ќе послужи во изготвувањето на новите измени на правилникот. Започната е работата на целосно нова систематизација на Фондот, а овој текст ќе послужи за нејзино полесно изготвување.

По објаснувањето, Управниот одбор едногласно утврди

Правилник
за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија
(пречистен текст)

ТОЧКА 3 - Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година

Директорката Парнарциева - Змејкова наведе дека по донесувањето на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година имавме реакции од повеќе установи, а реакции имаше и во медиумите. По ова, воочивме дека кај Клиниката за максилофацијална хирургија и кај Ургентниот центар имаме извршено донекаде преголеми кратења. Ургентниот центар дава некои услуги кои не се евидентирани во целост во Фондот и не можат да ги наплатат, а нивната положба и системски не е решена. Направивме две анализи, односно изготвивме два предлога за решавање на проблемите со буџетските плафони на Клиниката за максилофацијална хирургија и Ургентниот центар, како и на плафонот на Клиничката болница Тетово, а оставаме Управниот одбор да одлучи кој од двата предлога ќе го прифати.

Потоа, Татјана Лукановска ги објасни двата предлога до кои е дојдено по усогласување со Министерството за здравство. Тие предвидуваат кај Клиничката болница Тетово да се изврши зголемување во износ од 2.000.000 денари, кај Клиниката за Максилофацијална Хирургија во износ од 1.000.000 денари и кај Ургентниот Центар, според варијанта I во износ од 1.100.000 денари, а според варијанта II во износ од 625.000 денари. Значи, според првата варијанта буџетите се зголемуваат во вкупен износ од 4.100.000 денари, а според втората во вкупен износ од 3.625.000 денари.

Елена Трпковска праша од каде ќе се добијат средствата за предложените зголемувања, а Татјана Лукановска одговори дека средствата ќе се пренесат од оние предвидени за Воената болница која сеуште не е трансформирана.

Директорката Парнарциева - Змејкова додаде дека на Воената болница ќе и треба повеќе од една година за да се трансформира во градска болница и да ги оправда средствата што треба да ги добива. На пример, во моментов тие имаат 300 вработени а за да се екипираат сметаат дека им се потребни 1000.

Според Елена Трпковска, бидејќи досега Воената болница беше поинаку финансирана, Фондот треба да преговара со Владата за поголем буџет, сега кога и за оваа установа треба да утврди буџетски плафон.

Љубиша Каранфиловски укажа дека Управниот одбор сеуште ја нема разгледано буџетската пресметка за 2010 година од каде би се видело колку средства ќе се насочат за одделни видови на здравствена заштита. Наведе и оти смета дека во моментов е прифатлива првата варијанта за зголемување на

буџетите до која е дојдено со разговори и преговори, а ќе биде на задоволство и на здравствената установа.

Директорката Парнарциева - Змејкова додаде и дека по потпишувањето на договорот со Воената болница веќе нема да има место за други корекции, и дека на Управниот одбор ќе му биде даден приказ на буџетот по области.
Потоа и Беким Сали ја поддржа првата варијанта на предлогот а Горан Коевски праша како двете варијанти би се одразиле на вработените во Воената болница.

Директорката Парнарциева - Змејкова одговори дека разликите во двете варијанти нема да имаат значително влијание на вработените.

По ова, расправата за точката 3 на дневниот ред заврши, а Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година

со која буџетскиот плафон на Клиничката болница Тетово се зголеми за 2.000.000 денари, на Клиниката за Максилофацијална Хирургија за 1.000.000 денари и на Ургентниот Центар, според варијантата I за 1.100.000 денари.

ТОЧКА 4 - *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*

Директорката Парнарциева - Змејкова потсети дека во јуни 2009 година беа извршени измени на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и измена во одредбите на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала. Со тие измени беше проширена листата на ортопедски помагала што може да се добијат на товар на Фондот со додавање на анатомски влошки (за мажи со лесна, средна и тешка инконтиниенција), а пелените се категоризираа во однос на нивната впивлива моќ и нивната големина. Истовремено беше проширен опфатот на дијагнози за кои може да се оствари право на овие ортопедски помагала, како и значително, скоро за 100% се зголеми цената. По измените имавме реакции од организации на корисници на ваквите помагала и укажувања на злоупотреби. И ние во Фондот пресметавме дека со измените од 2009 година, трошоците на Фондот за

ортопедски помагала се зголемиле за околу пет милиони денари месечно а и осигурените лица плаќаат поголемо учество.

Вера Митровска додаде дека пелените по правило би требало да ги користат лицата со инконтиненција а не и со други дијагнози. Потоа објасни дека комисијата која го изготви предлогот на новите референтни цени при нивното утврдување изврши споредбени анализи на референтните цени кои се на товар на Фондовите во референтните земји Словенија и Хрватска, согласно одредбите на член 63-б од Законот за здравственото осигурување. Комисијата ги прикажа референтните цени за пелените од референтните земји и направи споредба со цените за пелените во Република Македонија, кои табеларно се прикажани во материјалите за оваа точка на дневниот ред. Се утврди дека референтните цени во референтните земји се доста пониски во однос на оние во Република Македонија, иако тие земји се со повисок приход по жител. Со намалување на цените на помагалата ќе се овозможи економично користење на средствата на Фондот, ќе се обезбеди заштита на осигурените лица со плаќање на помала партиципација при нивна набавка, а истовремено се овозможува примена на законските прописи. Ревидирањето на референтните цени кои ги утврдува Фондот е постојана негова обврска заради постигнување на ефикасност при користење на средствата на осигурениците, адекватно финансирање на здравствените услуги од овој вид и примена на критериумите на пазарната економија.

Од страна на комисијата дадени се два предлога на цени. Првиот е добиен со примена на одредбите на Правилникот за утврдување на референтни цени за лекови а вториот со директна примена на член 63-в, став 3 од Законот за здравственото осигурување, со примена на критеримот за споредба на референтната цена и бруто домашниот производ по глава на жител во референтните земји, во однос на бруто домашниот производ по глава на жител во Република Македонија. Управниот одбор треба да одлучи кој предлог ќе го прифати.

По објаснувањата, Управниот одбор едногласно донесе

Правилник
за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала

со кој се изврши предложените измени заради прецизирање на дијагнозите за кои може да се оствари право на ортопедските помагала анатомски влошки и пелени.

ТОЧКА 5 *- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

По дискусијата во рамките на точката 4, Управниот одбор го прифати предлогот за утврдување на нови цени со примена на одредбите на Правилникот за утврдување на референтни цени за лекови, и едногласно донесе

Одлука
за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

со која утврди нови референтни цени на ортопедските помагала анатомски влошки и пелени.

ТОЧКА 6 *- Барање од Аптеката „Генцијана" од Битола за корекција на анекс на договор*

Јасмина Смилевска наведе дека од аптеката Генцијана од Битола реагирале со навод дека во анексот на договорот кој им е доставен имало нелогичности и ретроактивно намалување на определената квота.

Во анексот определената квотата за ноември и декември е утврдена врз основа на податоци кои се доставени од Подрачната служба Битола. Фондот изврши контрола во службата во Битола, при што се констатира дека податоците добиени од Подрачната служба Битола за аптеката Гентиција не се точни. Поради тоа, направена е нова пресметка и е ревидирана квотата за ноември и декември 2009 година.

По објаснувањето, Управниот одбор едногласно одлучи да се изврши корекција на анексот на договорот заради ревидирање на квотата за ноември и декември 2009 година.

ТОЧКА 7 *- План за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

Објаснување за оваа точка даде Златко Алексов. Наведе дека секторот за јавни набавки изготвил првичен предлог план за јавните набавки за 2010 година врз основа на упатството за работа на секторот за јавни набавки, за постапки на

јавни набавки поврзани со реализација на потребите кои се секојдневни, вообичаени заради непречено функционирање на институцијата. Во соработка со секторот за информатика го дополни со потреби поврзани со нивниот делокруг на работа. Неопходно е планот да се усвои денес, од причина што итно, уште во текот на утрешниот ден треба да отпочнат две постапки на барање на секторот за информатика, и тоа за услуги за одржување на софтвер за ДСГ груперот и за одржување на системски и апликативен софтвер. Додаде и дека конечен план за јавни набавки за 2010 година, вклучувајќи ги и постапките кои ќе произлезат од инвестиционата програма што е во изготвување, ќе може да се изготви по пристигнување на барањата на сите секторски директори.

Елена Трпковска праша дали е можно, како во минатата година, и оваа да има потреба од вршење на чести измени на планот, а Златко Алексов одговори дека многу од ставките во планот се релативни и зависни од менување на состојбите на пазарот. Затоа не е исклучено да се укаже потреба од измени.

По ова, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот

План за јавни набавки во 2010 година
на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

***ТОЧКА 8** - Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи*

Татјана Лукановска објасни дека во врска со цената за услугата „Други процедури на кожа, субкутано ткиво и дојка“ која е утврдена на 25.000 денари имаше многубројни реакции и укажувања дека истата е превисока. И ние во Фондот се согласивме дека е тоа точно, поради што се предлага таа цена да се утврди на 10.500 денари, по повторната анализа на сите досегашни фактури и структура на цената.

По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи

со која цената за услугата „Други процедури на кожа, субкутано ткиво и дојка“ се утврди на висина од 10.500 денари.

ТОЧКА 9 *- Разно*

Под точката разно немаше предлози за разгледување, па по разгледувањето на точката 8 од дневниот ред, во 13.45 часот Управниот одбор заврши со работата на LXIX -та седница.

Записничар,
Христо Трповски

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска